РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ.НИКОЛЕ
Бр. 04-99/11
29.04 2021 год.
Свети Николе

Врз основа на член 51 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/ 16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19 и 14/20) и доставената финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат број 04-99/10 од 28.04.2021 година, објавен на веб страната на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николе и веб страната на Агенцијата за администрација објавен на ден 21.04.2021 година, Директорот на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николе донесе:

# ОДЛУКА

за избор на кандидати по објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николе

1. За работните места објавени во интерниот оглас број 01/2021 од страна на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николе за унапредување на административни службеници се избрани следните кандидати:
   - **Бобан Ѓоргиев** за работно место ДЕЗ 01 02 В01 002 – Советник – сметководител – 1 извршител.
   - **Виктор Митевски** за работно место ДЕЗ 01 02 В01 001 – Советник – секретар – 1 извршител
2. За работните места од точката 1 на оваа Одлука се обезбедени финансиски средсрва од Министерството за финансии за тековната фискална година (2021).
3. Оваа одлука влегува во сила по истекот на рокот за жалба

***О б р а з л о ж е н и е***:

По добиено известување за обезбедени финансии за фискалната година (2021) број 18-1818/2 од 17.03.2021 од Министерство за финансии за унапредување на две (2) лица и тоа: едно (1) лице на работно место - советник – сметководител и едно (1) лице на работно место – советник – секретар, Ј.О.У.Д.Г „Рахилка Гонева“ Свети Николе на ден 21.04.2021 година објави интерен оглас број 01/2021 на веб страната на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николе и веб страната на Агенцијата за администрација за унапредување на административни службеници во јавната установа.

Постапувајќи по одредбите од Законот за административните службеници, Комисијата за селекција за унапредување со записник број 04-99/9 од 28.04.2021 година изврши административна селекција по интерниот оглас и констатира дека за огласените работни места под број 1 и 2 уредно се пријавиле по еден (1) кандидат.

На ден 28.04.2021 година во просториите на Агенцијата за администрација со уредно пријавените кандидати се спроведе интервју за што постои и Записник број 04-99/10 од 28.04.2021 година и се изгови финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангирани кандидат по интерен оглас број 01/2021, при што се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на Ј.О.У.Д.Г „Рахилка Гонева“ Свети Николе.

Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“
Свети Николе
Директор,

Билјана Василова